Бр./Nr 12-1235/1
17-03-2026 г./v.



Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-тата седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-3254/1 од 12.12.2025 година, со наводи за ненавремена исплата на социјална помош, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во пријавата не се содржани јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со број 12-3254/1 од 12.12.2025 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 12.12.2025 година, поднесена е пријава со наводи за ненавремена исплата на социјална помош и оформен е предмет број 12-3254/1 од 12.12.2025 година

Во пријавата подносителот - самохрана мајка, примател на социјална помош преку сметка во /// АД ///, наведува дека на сметката во оваа банка извесно време нема прилив од социјална помош. Подносителот на пријавата, без да посочи конкретни коруптивни дејствија и злоупотреби, ја опишува својата незавидна социјална положба и изразува револт поради ненавремената исплата на средствата од социјална помош, детски додаток, додаток за образование и социјална стипендија.

Адресните податоци на пријавата упатуваат на тоа дека истата била доставена до повеќе институции, вклучително и до Министерството за социјална политика, демографија и млади.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека пријавените наводи не соодветствуваат на дефиницијата за корупција содржана во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Истите не упатуваат на јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, поради што ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК